РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
Национален совет за високо образование и научно истражувачка дејност
Këshilli kombëtar për arsim të lartë dhe veprimtari shkencore
Бр./Nr. 1410-53
12.11 2021 год./viti
СКОПЈЕ - ШКУП

Врз основа на членот 43 став (2) т. 12 а во врска со членот 99 ставот (3) од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 178/21), Националниот совет за високо образование и научно – истражувачка дејност, на седницата одржана на 11.11.2021 година донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА СОДРЖИНАТА И ФОРМАТА НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТАТА НА РЕКТОР

## Член 1

Со овој правилник се пропишува содржината и формата на извештајот за работата на ректор, што се поднесува согласно членот 99 став (1) од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 178/21).

## Член 2

Насловната страница, со распоред како во Прилог 1 што е составен дел од овој Правилник, содржи:

- Лого на Универзитетот
- Назив на Универзитетот
- Период на кој се однсува извештајот
- Наставно – научно звање и име и презиме на ректорот
- Место и
- Датум на поднесување

## Член 3

Извештајот за работата на ректорот содржи два вида елементи:

- Задолжителни и
- Опциони.

## Член 4

Задолжителните елементи треба да го следат редоследот даден во Прилог 1 што е составен дел од овој Правилник.

Ако за некој од задолжителните елементи во текот на извештајниот период не биле преземени активности, тој се наведува, а во содржината се дава кратко образложение дека во текот на извештајниот период не биле преземени активности.

**Член 5**

Задолжителни елементи се:

1. Вовед
2. Нормативно - правно уредување на дејноста на Универзитетот
3. Наставно - образовна дејност
4. Научно - истражувачка дејност
5. Издавачка дејност
6. Меѓународна соработка
7. Финансиски извештаи за спроведени активности
8. Активности во доменот на примена на информатичките технологии
9. Центар за кариера
10. Соработка со стопански и нестопански сектор
11. Свечености и други настани.

Краток опис на содржината на секој задолжителен елемент е наведен во Прилог 1 што е составен дел од овој Правилник.

**Член 6**

Опционите елементи на извештајот може да бидат дел од извештајот во зависност од активностите преземени во текот на извештајниот период и во нив може да спаѓаат:

1. Надворешна евалуација на Универзитетот
2. Активности на внатрешните организациони единици на универзитетот - Фондации, донации и сл.
3. Активности од областа на спортот, културата, уметноста и сл. (вклучително и активностите на универзитетските организации)
4. Друго

Во рамките на опционите елементи од извештајот, ректорот може да внесе и други елементи специфични за периодот на кој се однесува извештајот.

**Член 7**

Извештајот се изработува компјутерски обработен текст, А4 формат, со големина на букви 12 и проред 0.8, со маргини на страницата *Normal* (Top 1 cм, Bottom 1 cм, Left 1 cм, Right 1 cм).

**Член 8**

Обемот на извештајот се определува во зависност од вкупниот број на единици во состав и придружните членки согласно Статутот на Универзитетот.

Обемот на извештајот во страници се определува на следниов начин:

- Универзитет со 5 единици во состав и придружни членки, извештај од најмногу 30 страници,
- Универзитет со 6-15 единици во состав и придружни членки, извештај од најмногу 90 страници,
- Универзитет со 16-30 единици во состав и придружни членки, извештај од најмногу 180 страници,
- Универзитет со повеќе од 30 единици во состав и придружни членки, извештај од најмногу 210 страници.

**Член 9**

Извештајот се поднесува на македонски јазик и на јазикот на кој се изведува наставата на Универзитетот.

**Член 10**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Скопје, 11.11.2021 година

НАЦИОНАЛНИОТ СОВЕТ ЗА ВИСОКО ОБРАЗОВАНИЕ И НАУЧНО – ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

**ПРОФ. Д-Р ТОДОР СЕРАФИМОВСКИ**

**Прилог 1**

**Образец на насловната страна и останатите страници на Извештајот за работа на ректорот**

**ЛОГО**

______________________________________________

**(Назив на Универзитетот)**

**ИЗВЕШТАЈ НА РЕКТОРОТ**

**ЗА РАБОТАТА НА УНИВЕРЗИТЕТОТ**

______________________________________________

**(Назив на Универзитетот)**

**ЗА ПЕРИОДОТ**

______________________________________________

**(Се наведува извештајниот период)**

______________________________________________

**(Се наведува наставно-научно звање, име и презиме на ректорот)**

______________________________________________

**(Место и датум на поднесување)**

СОДРЖИНА:

# I. ЗАДОЛЖИТЕЛНИ ЕЛЕМЕНТИ

## 1. ВОВЕД

[Воведни напомени за периодот на кој се однесува извештајот]

## 2. НОРМАТИВНО - ПРАВНО УРЕДУВАЊЕ НА ДЕЈНОСТА НА УНИВЕРЗИТЕТОТ

[Осврт врз работата и донесените општи акти и одлуки на: Универзитетскиот сенат, Ректорската управа, Универзитетскиот совет, Кадровска состојба и прашања, Билтен на Универзитетот, имотно - правни работи и други аспекти од оваа област карактеристични за извештајниот период]

## 3. НАСТАВНО - ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

[Уписи на прв, втор и трет циклус на студии, Усвоени нови/изменети/дополнети наставни програми за прв, втор и трет циклус на студии и други аспекти од оваа област карактеристични за извештајниот период]

## 4. НАУЧНО - ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

[Податоци за научно истражувачки проекти во државата и во странство; Учество во меѓународни научно истражувачки проекти; Одржани конференции; научно-истражувачка инфраструктура (научноистражувачки лаборатории и акредитирани лаборатории и сл. доколку ги има во извештајниот период), број на објавени трудови во референтни научни публикации и други аспекти од оваа област карактеристични за извештајниот период]

## 5. ИЗДАВАЧКА ДЕЈНОСТ

[Издавање универзитетски учебници и учебни помагала; Издавање на научни списанија со меѓународен уредувачки одбор; Издавање научни стручни списанија; Издавање електронски списанија; Реализирани конкурси за финансирање на издавачката дејност и други аспекти од оваа област карактеристични за извештајниот период]

## 6. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

[Учество во програми, мрежи и сл. за мобилност на студентите и наставниот кадар; учество во меѓународни проекти; членства и активнсоти во меѓународни универзитетски и други мрежи; ректорски форуми; вршење на високообразовна дејност на академскиот кадар на универзитетот на универзитетите во странство;

визитинг наставници; други настани со меѓународен предзнак и други аспекти од оваа област карактеристични за извештајниот период ]

## 7. ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ ЗА СПРОВЕДЕНИ АКТИВНОСТИ

[Податоци поврзани со финансирањето на универзитетот и неговите активности и други аспекти од оваа област карактеристични за извештајниот период]

## 8. АКТИВНОСТИ ВО ДОМЕНОТ НА ПРИМЕНА НА ИНФОРМАТИЧКИТЕ ТЕХНОЛОГИИ

[Активности поврзани со измени во машинска и програмска опрема; Активности во врска со комуникациска инфраструктура и опрема и нивна надградба; Опис на состојба со информатички базирани услуги; Активности поврзани со корисничките потреби; Јавни набавки и други аспекти од оваа област карактеристични за извештајниот период]

## 9. ЦЕНТАР ЗА КАРИЕРА

[податоци за одржани работилници за кариерно советување, организирање практиканство за студентите, активности на алумни-асоцијациите, организирани отворени деновии други аспекти од оваа област карактеристични за извештајниот период]

## 10. СОРАБОТКА СО СТОПАНСКИ И НЕСТОПАНСКИ СЕКТОР

[Остварени средби; Потпишани меморандуми; Договори за стипендирање на студентите и други аспекти од оваа област карактеристични за извештајниот период ]

## 11. СВЕЧЕНОСТИ И ДРУГИ НАСТАНИ

[ Податоци за одбележувања на значајни настани за универзитетот; годишнини; јубилеи; промоција на доктори на науки; доделени почесни титули и почесни звања; доделени награди; доделени други видови признанија, одржани свечености и други аспекти од оваа област карактеристични за извештајниот период]

## II. ОПЦИОНИ ЕЛЕМЕНТИ

1. НАДВОРЕШНА ЕВАЛУАЦИЈА НА УНИВЕРЗИТЕТОТ
2. АКТИВНОСТИ НА ВНАТРЕШНИТЕ ОРГАНИЗАЦИОНИ ЕДИНИЦИ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ - ФОНДАЦИИ, ДОНАЦИИ И СЛ.
3. АКТИВНОСТИ ОД ОБЛАСТА НА СПОРТОТ, КУЛТУРАТА, УМЕТНОСТА И СЛ. (ВКЛУЧИТЕЛНО И АКТИВНОСТИТЕ НА УНИВЕРЗИТЕТСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ)

[ДРУГИ ОПЦИОНИ ЕЛЕМЕНТИ]

РЕКТОР,

(своерачен потпис)